Коментари – Закон за енергетика

1. Во член 3 став 1 точка 3 - поимот агрегација е дефиниран како „ е функција којашто ја врши лице кое го комбинира оптоварувањето од повеќе потрошувачи и/или произведената електрична енергија од повеќе производители заради купување, продажба или наддавање на кој било пазар на електрична енергија;

   - **Предлог:** Дефиницијата да се прилагоди како што е во Директивата 2019/944 – член 2 (18) – Агрегација – „функција што ја врши физичко или правно лице и ја комбинира потрошувачката од повеќе потрошувачи и/или произведената електрична енергија од производители за продажба, купување или аукција на кој било пазар на електрична енергија “.
   - **Оправданост:** Дефиницијата како што е предложена во нацрт законот не е толку прецизна како дефиницијата во Директивата на ЕУ и го отвора прашањето кој точно може да биде агрегатор и да ја врши дејноста. Примената на дефиницијата директно од Директивата 2019/944 како што е предложена погоре дава дефиниција која одговара на отвореното прашање.

2. Во Член 28 став (1) е наведено дека *“Министерството донесува решение со кое го задолжува операторот на електропреносниот систем, операторот на електродистибутивен систем, производители на електрична енергија, како и трговци и снабдувачи да ги земе предвид сценаријата за електроенергетска криза на ENTSO-E и да ги идентификува ризиците коишто влијаат врз сигурноста во снабдувањето со електрична енергија и безбедноста на системите за пренос и дистрибуција на електрична енергија и да ги определи сите сценарија за подготвеност за ризик во електроенергетскиот сектор за секој настан или состојба која што може да иницира ризик на домашниот или регионалниот пазар на електрична енергија, во согласност со методологијата за проценка на ризикот за идентификуваните регионални сценарија за подготвеност за ризик донесена од ACER….”*.

3. 

   - **Предлог:** Од наведената обврска да се изземат производителите на електрична енергија, трговците и снабдувачите со електрична енергија и да се врати иницијаланата формулација на ставот како во претходната нацрт верзија на Законот, односно обврската да остане само за операторите соодветните ситеми.
   - **Објаснување:** Во насока на предложениот став, а поврзано со Европските релевантни регулативи 1) Регулатива 2019/941 за подготвеност за ризик во електроенергетскиот сектор, 2) Регулатива (ЕУ) 2019/943 за внатрешниот пазар на електрична енергија и 3) Методологијата за идентификување регионални сценарија за електрична енергија би сакале да посочиме дека истите првенствено се однесуваат на ОЕПС, ОДС, регулаторните органи и надлежните органи на земјите-членки како субјекти одговорни за планирање, оценување и координирање на мерките за подготвеност за ризик во секторот за електрична енергија. Оттука, товарот не е на производителите, снабдувачите и другите учесници да ги спроведат тие проценки на ризик. Најмногу, како што е наведено во став 4 од чл. 23 од Рег. 2019/943, „Производителите и другите учесници на пазарот ќе им дадат на операторите на преносните системи податоци за очекуваното искористување на

производните ресурси, земајќи ја предвид достапноста на примарните ресурси и соодветните сценарија на проектираната побарувачка и понуда“.

4. Во член 87 став (3) се наведува дека „ *Владата, најдоцна до 31 декември во тековната година, го донесува годишниот план за изградба на енергетски објекти за наредната година, со проекција за следните две години.* ” додека во став (5) се наведува дека “*До 1 јуни во тековната година заинтересиран инвеститор може да достави до Министерството иницијатива за вклучување на енергетски објект во годишниот план за изградба на енергетски објекти за наредната година*.”

- **Предлог:** Во членот да се даде можност за ревидирање на годишниот план на квартално ниво или да се врати иницијалниот рок до 15 Ноември и можност за вметнување на нови проекти.
- **Оправданост:** Согласно моменталниот предлог годишниот план за изградба на објекти како таков нуди можност за инвеститорите да достават иницијатива за одреден проект само до 1 јуни за следната година и потоа да чекаат до следната година за вметнување на проект во годишниот план. Ваквиот предлог може да доведе до одредено доцнење при процесот на развој на проектот поради што доколку проектот иако ги исполнил условите за внес во годишниот план треба да помине процесот на донесување на годишниот план што за инвеститорот значи дополнително време на чекање и развивање на проектот и воедно неизвесност дали истиот ќе биде прифатен, а потоа последователно треба да ја поведе постапката за да се издаде овластување за изградба на проектот. Во таа насока, и со цел да се избегне попречување на развојот на проектите предлагаме да се додаде можност да се ревидира годишниот план (со цел да се креира подинамичен процес) за изградба на објекти или да се врати иницијалниот рок до 15 Ноември како би дал можност за приватните инвеститори поголема сигурност при планирање на проектите.

5. Во член 88 став (1) точка 1 се наведува дека *“(1) Овластување за изградба на електроенергетски објекти се издава во следниве случаи: 1) за изградба на електроенергетски објекти со инсталирана моќност поголема од 200 kW и за високоефикасни комбинирани постројки што произведуваат електрична и топлинска енергија, како и за складишта на електрична енергија за која се спроведува тендерска постапка за доделување на овластување од Министерството; и 2) за изградба на енергетски објекти за производство на електрична енергија со инсталирана моќност еднаква на или поголема од 200 kW и за високо ефикасни комбинирани постројки што произведуваат електрична и топлинска енергија, чијашто изградба ќе се врши на земјиште во приватна сопственост, врз основа на претходно поднесено барање од инвеститор*”

- **Барање за појаснување:** Во насока на наведената точка 1, и поврзано со член 87 став (1) каде се напоменува дека во Годишниот план за изградба на енергетски објекти ќе бидат вклучени и енергетски објекти за складирање на електрична енергија, во оваа прилика би сакале да побараме мислење дали овластувањето за изградба на енергетски објект ќе биде потребно и за изградба на објекти за складирање со електрична енергија чијашто изградба ќе се врши на земјиште во приватна сопственост, врз основа на претходно поднесено барање од инвеститор. Дополнително сакаме да го изразиме нашето мислење дека во случај да се бара овластување за градба за објекти за складирање, би се продолжила постапката за изградба на вакви проекти, што во овој момент е спротивно од националните намери за зголемување на флексибилноста на системот.

- **Предлог:** Поставување на прагот за добивање овластување за изградба на електрани на 10 MW (како што е актуелна практика во Северна Македонија) или 5 MW како што првично се предлага во Законот за енергетика.
- **Објаснување:** Сакаме да истакнеме дека намалувањето на прагот за издавање на овластување на изградба на енергетски објекти поголеми од 200 kW, може да резултира со зголемување на оперативната работа на институциите одговорни за процесот и следствено да го продолжи процесот за издавање на потребните дозволи вклучувајќи го и приклучокот. Нашето искуство покажува дека во некои земји каде сите проекти се третираат како еднакви, без разлика на обемот на проектите дополнително резултира со преоптоварување на времето на обработка на документацијата и со тоа повеќе време на чекање за издавање на потребната документација (намалување на инвестицијата) со фокус на приклучокот. Од друга страна, во Хрватска за електраните со инсталирана моќност до 10 MW е поедноставена процедурата за добивање документација, со што се олеснува и се забрзува процесот за нивно развивање.

6. Во насока на членот 93 би сакале да ја поздравиме иницијативата за издавање банкарски гаранции во целиот процес на развој на проектот бидејќи истото укажува на сериозноста на проектите. Меѓутоа, во ставот (6) точка 2 се предлага рок за активирање на банкарска гаранција „30% од вредноста доколку имателот на овластувањето не добие решение за приклучување во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овластувањето."

    - **Предлог:** Во оваа прилика предлагаме рокот за активирање на банкарските гаранции да се ревидира особено имајќи го во предвид даденото време за издавање решение за приклучување во рок од девет месеци од добивањето на овластување за градба, додека во исто време во овој Закон не е пропишан дефиниран рок за издавање на Решение за согласност за приклучување од страна на операторите.

7. Во Член 100 став (4) се наведува "*Операторот на соодветниот систем издава Решение за приклучување откако Барателот ќе достави целосна проектна документација за енергетска инфраструктура и приклучниот објект. Операторот на соодветниот систем има право да бара измени во документацијата со цел усогласување на проектната документација со барањата во Република Северна Македонија*"

    - **Барање за појаснување:** Во оваа прилика би сакале да побараме појаснување што се се подразбира под терминот "проектна документација", особено во насока на издавањње на истата и на времетраењето на целокупните процеси за издавање на истата, а поврзано со ограничениот рок од девет месеци за издавање на Решение за приклучување по стекнување со овластувањето за изградба на енергетски објект согласно Член 93. Исто така, сакаме да истакнеме дека е неопходно во Законот за енергетика да се вклучат роковите за издавање на Решение за согласност за приклучоци од ТСО и ДСО, со цел целиот процес на развој на проектот да биде поизвесен за инвеститорите.

8. Во Член 130 став (1) точка 2 се наведува дека "*Складирање на енергија се врши: 2.од производител на електрична енергија како составен дел на електроцентрала со инсталирана моќност поголема од 40% од инсталираната моќност на електроцентралата* "
    - **Барање за појаснување:** Во насока на наведениот став, не е јасно наведено дали ќе биде потребна лиценца и во кои случаи се поврзува со споменатите 40%, дали

инвеститорот и кога ќе има можност да понуди системски услуги, на кој начин ќе се пресметаат тие 40% итн.

- **Предлог:** Да се преуреди ставот на појасен начин за да им се олесни процедурата на инвеститорите доколку одлучат да ја користат батеријата за сопствени потреби, но во исто време да не се ограничат инвеститорите кои сакаат да поседуваат лиценца за складирање и дополнително да понудат услуги кон системот и пазарот.

*9.* Во член 147 став (3) Законот вели: „ *Ако операторот на електропреносниот систем не може да ја набави електричната енергија или системските услуги на начин утврден во ставот (2) на овој член, Владата, по претходно добиено мислење од Регулаторната комисија за енергетика, може да донесе одлука за наметнување обврска за јавна услуга согласно членот 7 од овој закон, на производител, снабдувач или трговец со електрична енергија за обезбедување на електричната енергија или системските услуги, при што му доделува соодветен надоместок*"

- **Барање за појаснување/Предлог:** Би сакаме да истакнеме дека ставот како што е напишан наведува на непазарно ориентирана мерка и во таа насока би сакале да побараме дополнително појаснување на критериумите за определување на субјектите кои треба да бидат назначени за ја извршува јавната услуга. Дополнително, не најдовме соодветна ЕУ директива која определува слична мерка како предложената, па затоа љубезно би побарале упатување кон директивите на ЕУ кои го оправдуваат предложениот член. Во спротивно, бидејќи ова претставува интервенција на пазарот во форма на непазарно ориентирана мерка, неограничувајќи се само на енергетска криза, би сакале да побараме предметниот став да биде иземен од Законот или мерката да биде наменета само за најголемиот производител на електрична енергија во Република Северна Македонија.

Ви благодарам на ваше разгледување на коментаритеи и се надеваме дека исите ќе ги земете предвид.

Со почит,